МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 24 став 4 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07 и 20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА УВОЗ, ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ЃУБРИЊА

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за увоз, формата, содржината и начинот на водење на регистарот на увозници на ѓубрива.

## Член 2

Поблиски услови за увоз на ѓубрива се:
-увозникот да е запишан во регистарот на увозници на ѓубрива и
-ѓубрето да е запишано во регистар на ѓубрива.

## Член 3

Регистарот на увозници на ѓубрива се води во електронска и пишана форма.

Регистарот се води во книга со тврди корици на евиденциски листови во бела боја со формат А3 кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

На предната страна на книгата со златна боја е втиснат грбот на Република Македонија, а под него се впишани зборовите: Република Македонија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Фитосанитарна управа; Регистар на увозници на ѓубрива.

Образецот на регистарот на увозници на ѓубрива е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Регистарот на увозници на ѓубрива ги содржи следните податоци:

1. Идентификациски број на правното лице-увозник;
2. Назив на правното лице-увозник;
3. Единствен даночен број на правното лице-увозник;
4. (БДС) број на деловниот субјект;
5. Седиште и адреса на правното лице –увозник;
6. Адреса на објектот на увозникот;
7. Датум и архивски број на решението за упис во Регистарот на увозници.;

8. Датум и број на решението за упис во Регистарот на увозници, издадено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство- Фитосанитарна управа;
9. Други потребни податоци;
10. Промени и
11. Забелешки.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ”.

Бр.17-323/5
март 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## ФИТОСАНИТАРНА УПРАВА

**РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ЃУБРИЊА**

## РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ЃУБРИЊА

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификациски број на правното лице-увозник | Назив на правното лице-увозник | Единствен даночен број на правното лице-увозник | (БДС) број на деловниот субјект | Седиште и адреса на правното лице-увозник | Адреса на објектот на увозникот | Датум и архивски број на решението за упис во регистарот на увозници | Датум и број на решението за упис во регистарот на увозници издадено од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа | Други потребни податоци | Промени | Забелешки |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |